# Постапка за упис во регистарот на физички лица кои вршат угостителска дејност од мал обем

Согласно Законот за угостителска дејност (Сл. Весник на РМ бр. 62/04, 89/08, 115/10, 53/11, 141/12, 164/13, 187/13 и 199/14), член 4, став 2, “физичките лица кои согласно со одредбите од овој закон вршат угостителска дејност се регистрираат во регистарот што го води градоначалникот на општината. “

Согласно член 40 “физичките лица може да даваат:

Конфекционирани угостителски услуги во наменски подвижни објекти

Угостителски услуги за сместување и исхрана во куќи

Угостителски услуги во апартмани и соби за одмор

Угостителски услуги во селски домаќинства и

Угостителски услуги во пловни објекти. “

**Постапката за упис во регистарот на физички лица кои вршат угостителска дејност од мал обем отпочнува со поднесување на Барање за упис во регистарот на физички лица кои вршат угостителска дејност од мал обем, согласно член 4-а од Законот за угостителска дејност (Сл. Весник на РМ бр. 62/04, 89/08, 115/10, 53/11, 141/12, 164/13, 187/13 и 199/14) до Одделението за ЛЕР, преку архивата на Општина Куманово . Кон Барањето се поднесува:**

Пријава до Државен пазарен инспекторат за исполнети минимално-технички услови;

Доказ за сопственост за физички лица кои вршат угостителски услуги за сместување во куќи, апартмани и соби;

Доказ за сопственост, или доказ за право на користење за селски домаќинства во кои се даваат услуги на издавање соби и апартмани и

Доказ за платена административна такса (50,00+250,00 денари).

Во Архивата се потврдува приемот на поднесокот и се води деловодник за поднесоците.

Барањето заедно со придружната документација се заведува во интерна доставна книга и се доставуваат до Раководителот на Секторот кој поштата ја парафира и ја доставува во Раководителот на Одделението за ЛЕР;

Раководителот на Одделението за ЛЕР, го парафира Барањето и придружната документација и го доставува до државниот службеник надлежен за вршење на работите од областа на угостителството, туризмот, трговијата и занаетчиството;

Државниот службеник надлежен за вршење на работите од областа на угостителството, туризмот, трговијата и занаетчиството го разгледува Барањето и прилозите и изготвува:

Решение за упис во регистарот на физички лица кои вршат угостителска дејност од мал обем, доколку барањето е комплетно или

Решение за одбивање на барањето за упис во регистарот, доколку барањето е некомплетно во рок од 8 дена од денот на приемот на Барањето (член 4-б од Законот за угостителска дејност)

и го доставува на потпис до одговорните лица.

Потпишаното решение се заведува во архива и се доставува до странката.

Еден примерок од Решението за упис во регистарот на физички лица кои вршат угостителска дејност од мал обем се доставува до Самостојниот референт за угостителство, туризам, трговија и занаетчиство, кој ги внесува податоците од Решението во Регистарот на физички лица кои вршат угостителска дејност од мал обем, согласно Правилникот за формата, содржината и начинот на водење на регистарот на физичките лица кои вршат угостителска дејност од мал обем (Сл. Весник на РМ бр. 116/06) и ги документира Решенијата по дата на издавање;

Самостојниот референт за угостителство, туризам, трговија и занаетчиство, на секои шест месеци доставува извод од Регистарот на физички лица кои вршат угостителска дејност од мал обем до Раководителот на Секторот, Раководителот на Одделението за ЛЕР и Секторот за инспекциски надзор.